# VIZIONE
# 31 / 2018

*International magazine for social sciences "VIZIONE " Skopje*
*Revistë ndërkombëtare për shkencat shoqërore "VIZIONE " Shkup*
*Меѓународно списание за општесвени науки, "VIZIONE " Скопје*
*www.visionsmagazine.org*

**FIND US AT:**

*First Published in August 2004*
*National and university library "St. Clement of Ohrid " - Skopje*
*ISSN: 1409-8962- printed form*
*ISSN 1857- 9221- electronic form*

*Open Access Journals, EBSCO (2014), Proquest & CiteFactor*
*Revista Vizione është regjistruar në Agjencionin për informacione në Republikën e Maqedonisë, Nr. 02 – 482/ 2; Shkup 29 korrik 2004*
*Visions Magazine is registered at the Agency for information in the Republic of Macedonia, no. 02-482 / 2; Skopje, July 29, 2004*

***Botues:*** **Shoqata e Intelektualëve "Klubi Demokratik" – Shkup**
***Publisher:*** **The Association of Intelectuals "Democratic Club" – Skopje**

***Këshilli botues / Editorial Board:***
Prof. Dr.Nazmi Maliqi (Maqedoni),
Prof Dr.John Fisher ( Kanada)
Prof. Dr.Jorde Jakimovski (Maqedoni)
Prof Dr.Vesel Latifi (Kosovë)
Prof. Dr.Milazim Krasniqi (Kosovë),
Prof. Dr.Temelko Ristevski (Maqedoni)
Prof. Dr.Irena Lama (Shqipëri)
Prof. Dr.Vlado Popovski (Maqedoni)
Prof. Dr.Bajram Pollozhani (Maqedoni),
Prof. Dr.Antoneta Vassileva (Bulgaria)
Prof. Dr.Agron Beka (Kosovë)
Prof. Dr. Nano Ruzhin (Maqedoni)
Prof. Dr.Semaus Taggart (Northern Ireland )
Prof. Dr.Yunus Emre Tansü (Türkiye)
Prof. Dr.Sejdefa Djafche (Maqedoni)

***Kryeredaktor dhe redaktor përgjegjës***
***Editor-in-chief*** Prof. Dr.Nazmi Maliqi (Maqedoni)
*Redaksia: Editorial staff:*
Prof. Dr.John Fisher ( Kanada)
Prof. Dr.Mesud Idriz (Bosnja dhe Hercegovina)
Prof. Dr.Igor Kambovski (Maqedoni)
Prof. Dr.Aynur Uraler (Türkiye)
Prof. Dr.Afrim Osmani (Maqedoni)
Prof. Dr.Juliana Zaharia (Shqiperi)
Prof. Dr Marija Ignjatovic, (Serbi)
Doc. Dr.Drita N. Maliqi (Maqedoni)
Prof. Dr. Semaus Taggart (Northern Ireland )
Prof. Dr.Dr.Irina Chudoska - Blazhevska (Maqedoni)
Prof. Dr. Drita Fazlija Mahmudi (Maqedoni)
Prof. Dr.Fadil Maloku (Kosovë)
Prof. Dr. Olga Gurkova ( Maqedoni)
Prof. Dr.Rabije Murati (Maqedoni)

***Computer arrangement:*** Mr.sc. Faton Maliqi
***Shtyp / Printing house:*** *Grafotex*

# *VIZIONE*
# *VISIONS*

*Revistë studimore - shkencore me përmbajtje:*
*Studious and scientific magazine with*

- *Education culture science*
- *Sociologic content,*
- *Integrime evroatlantike*
- *Euroatlantic integration,*
- *Ekonomike dhe – Economic*
- *Political and juridical content*

*Nr. 31 / 2018*
*Shkup – Skopje, December 2018*
*www.visionsmagazine.org*


Unioni i Inteligjencies Shqiptare 03.09.2004 Shkup

# *Përmbajtja / Content*

## *Arsim kulturë shkencë*
## *Education culture science*

**Dr. Markeliana ANASTASI**
**The figure of belluca, in the train whistled of pirandello,and the figure of gregor in the metamorphosis of kafka, comparisons and reflections …..… 11**

**Artan FIDA**
**The main methods of postgraduate training for foreign language teachers in Albania from 1945 to 1991 from a historical point of view ……... 21**

## *Kultura gjuhësore e komunikimit*
## *Culture and language communication*

**Prof.Dr. Aleksandra SRBINOVSKA DONCHEVSKI**
**Prof.Dr. Tatjana ASHTALKOSKA BALOSKA**
**Characteristics of good speech ………………..…………………………….. 37**

**Flavia XHAFERRI, Kiara TUSHA, Meglijana LLESHI**
**The preliminary translation of pier paolo pasolini's poem "I hate you dear students !" …………………………..…………..………… 47**

## *Hulumtime juridike – politike*
## *Juridical political research*

**Xhemile SALIU, PHD cand.**
**Children's rights in the era of globalization and**
**statistical reports on their situation in Republic of Macedonia …………….. 61**

**Prof. Dr. Sejdefa DJAFCHE**
**Elena TODOROVA, PhD, Associate Professor**
**International legal assistance in tax matters**
**in the national legislation of Republic of Macedonia …………..……………. 75**

**Mr. Sc. Adelina RAKAJ , PHD cand.**
**The protection of the rights of the defendant**
**by the constitutional court- the kosovo case study ……………….………… 85**

**Prof. Dr Temelko RISTESKI**
**Doc. Dr Zineta ASANI & Mr.sc Ekrem HALIMOVSKI**
**Administrative procedure in the**
**lustration process in the Republic of Macedonia ……………….….……... 99**

**Prof. Dr. Prof. Ivica JOSIFOVIC**
**Prof. Dr. Prof. Igor KAMBOVSKI**
**Extradition of european union nationals**
**to third states: analyzing the petruhhin case ……………….……..……... 117**

**Prof. Dr. Borka TUSHEVSKA**
**Prof.Dr. Darko SPASEVSKI**
**Freight forwarders documents in Macedonian court practice …………….. 131**

**Doc. Dr. Dimitar APASIEV**
**Prof. Dr. Igor KAMBOVSKI & Doc. Dr. Marija AMPOVSKA**
**The role and significance of the state attorney's**
**office in the justice system of the Republic of Macedonia ………………….. 145**

## *Persiatje socio – politike*
## *Socio - political rationale*

**Dr. Juliana ZAHARIA, PhD**
**Resistant youth— alternative**
**Education solutions to refusal and exclusion …………….………………… 157**

**PhD Candidate Bujar Daki**
**Prof. Dr. Jonuz Abdullai**
**Strengthening state**
**Institutions in the new state Republic of Kosovo ………………………..…… 165**

**Dr.Sc. Marjan MAXHOVSKI**
**Key preconditions that lead to the success of reforms .................................. 175**

## *Hulumtime në ekonomi*
## *Research in economics*

**Elena Gjuroska, PhD**
**Liza Pantekovska, PhD, Assosiate Professor**
**Effects of climate change on tourism with special**
**accent of some forms of sports tourism ……………………………………  191**

**Assis. Prof.  Vesna JOVANOVA-SIMEVA, PhD**
**The use of planning in sports organizations**
**as a sports management function ……………………………….……….. 207**

## *Marrëdhëniet ndërkombëtare  dhe diplomaci*
## *International relations and diplomacy*

**Prof. Dr. Arlinda MEMETAJ**
**The itinerancy of the Republic of Macedonia towards**
**achieving the goal of NATO and EU membership  ....................................... 221**

**Assoc. Prof. Dr. Bejtulla DEMIRI**
**Global politcs and the european union as a political actor ……………….. 235**

**Mr.Sc. Bahri CURRI**
**Cultural integration in the european union and Republic of Kosovo (2)… .. 243**

## *Opione shkencore fetare*
## *Religious scientific options*

**Mr. Sc. Rijad Misini Ph.D. Canditate**
**Dr. Salih Sulaiman Almufadda, Ph.D.**
**Building suggested objectives for the jurisprudence course in the secondary stage in "alauddin" schools in Republic of Kosova …. 259**

**Intervistë- Kontributi per islamin i Ajtene Krasniqi - Ardel ........................ 273**

## *Retro, kujtime, ngjarje Personalitete*
## *Retro, Memory, Event, Personalities*

**Mr. Sc. Zog ÇOÇAJ**
**Qëndrimi i Ahmet Zogut ndaj nacionalistëve Kosovarë dhe masat e ndërmarra pas vitit 1925 ........................................................................ 281**

**Mr.Sc. Agron ISLAMI**
**The role of albanian leaders in the ottoman state in the century XVII and the fall of the Albanian, Abdurrahman Abdi Pasha in Budin ................ 293**

**Udhëzime për autorët ........................................................................ 301**
**Упаство за авторите ........................................................................ 302**
**Instructions for authors ........................................................................ 303**



*Arsim kulturë shkencë*
*Education culture science*

**UDC 341. 232. 7 : 37 (4 – 672 ЕУ : 497. 7)**

**Doc. Dr. Dimitar APASIEV**∗
**Prof. Dr. Igor KAMBOVSKI**∗
**Doc. Dr. Marija AMPOVSKA**∗

# THE ROLE AND SIGNIFICANCE OF THE STATE ATTORNEY'S OFFICE IN THE JUSTICE SYSTEM OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA







**Abstract:** This paper is the first of a trilogy, based on a professsional cooperation among three professors from the Department of Civil Law at the Faculty of Law, from the State University "Goce Delchev" – Stip (Republic of Macedonia). It's a part of a planned publishing activity for 2018 within the framework of the one-year scientific-research project: The role and significance of the State Attorney's Office in the justice system of the Republic of Macedonia, funded by the UGD Scientific Research Fund. This paper will be a part of a monograph dedicated to this specific authority in our legal system. The authors, using the legal-historical and normative method, begin with the legislative arrangement of this institution in the legal system of our country, going back as far as the period after the Second World War, when Macedonia was part of the SFR Yugoslavia. Following, the paper addresses the legal status and the role of the Public/State Attorney in the judicial system of independent R. Macedonia. The third chapter continues with consideration of the legal nature of the State Attorney's Office as a participant in the court litigation procedure. Finally, the fourth and last chapter, is completed with a description of the internal organizational structure of the State Attorney as a state body sui generis.

**Key words:** Public/State Attorney, Yugoslavia, statute competencies, property issues.

∗ Faculty of Law, University of Goce Delcev – Stip / Kontak: dimitar.apasiev@ugd.edu.mk
∗ Faculty of Law, University of Goce Delcev – Stip / Kontakt: igor.kambovski@ugd.edu.mk.
∗ Faculty of Law, University of Goce Delcev – Stip / Kontakt: marija.ampovska@ugd.edu.mk.

**Легилативната уреденост на оваа специфична институција – од АСНОМ до денес (правно-историски пристап)**

**Југословенските закони за оваа материја**

Во периодот по Втората светска војна (1944–1991), кога Македонија била дел од Југословенската федерација, како сложена држава, донесени се вкупно пет закони посветени на јавното правобранителство – три сојузни и два републички.

**а) Сојузните закони за Јавното правобранителство**

(1) Првиот југословенски закон посветен на правобранителството е Законот за јавното правобранителство (Сл. лист на ФНРЈ - 24/52),227 донесен врз основа на чл. 74, точка 6 од Уставот на Федеративна Народна Република Југославија (1946). Законот содржи вкупно 29 члена, структурирани во четири глави, нумерирани со римски броеви: I. Задачи на Јавното правобранителство [чл. 1]; II. Организација [чл. 2–6]; III. Должности и овластувања [чл. 7–23]; и IV. Преодни и завршни одредби [чл. 24–29]. Овој Закон, во текот на неговото три и пол годишно важење, ниту еднаш не е менуван или дополнуван.

(2) Вториот југословенски закон посветен на правобранителството е Законот за јавното правобранителство (Сл. лист на ФНРЈ - 51/55),228 донесен врз основа на чл. 71, т.2 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство на ФНРЈ и за сојузните органи на власта (1953). Законот содржи вкупно 47 члена, структурирани во шест глави, нумерирани со римски броеви: I. Јавното правобранителство и неговиот делокруг [чл. 1–10]; II. Организација [чл. 11–14]; III. Должности и овластувања [чл. 15–25]; IV. Совет на јавното правобранителство [чл. 26]; V. Службеници [чл. 27–36]; и VI. Преодни и завршни одредби [чл. 37–47]. Овој Закон, во текот на неговото скоро еднодецениско важење, ниту еднаш не е менуван или дополнуван.

(3) Третиот и последен југословенски закон посветен на правобранителството е Основниот закон за јавното правобранителство (Сл.

227 Овој сојузен закон е изгласан од страна на Сојузното веќе и Веќето на народите на Народната скупштина на ФНРЈ, на седниците одржани на ден 31 март 1952 година во главниот град Белград. Указот за негово прогласување У. бр. 634 е донесен на 10 април 1952, а е прогласен од страна на Президиумот на Народната скупштина, односно своерачно потпишан од неговиот тогашен претседател – д-р Иван Рибар и секретарот Миле Перуничиќ. Потоа е објавен во „Службен лист на ФНРЈ“ бр. 24, од 26 април 1952 (сабота), под реден број 258 [стр. 465–467].

228 Овој сојузен закон е изгласан од страна на Сојузната народна скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 10 ноември 1955 година, во главниот град Белград. Указот за негово прогласување ПР бр. 25 е донесен на 14 ноември 1955, а е своерачно потпишан од страна на Претседателот на Републиката - Јосип Броз Тито, и од Претседателот на Сојузната народна скупштина – Моша Пијаде. Потоа е објавен во „Службен лист на ФНРЈ“ бр. 51, од 23 ноември 1955 (среда), под реден број 538 [стр. 769–773].

лист на СФРЈ - 15/65),229 донесен врз основа на чл. 217, ст.1, т.1 од новиот Устав на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (1964). Законот содржи вкупно 48 члена, структурирани во шест глави, нумерирани со римски броеви, од кои – две од нив, поточно третата и четвртата глава – содржат и оддели нумерирани со арапски цифри: I. Општи одредби [чл. 1–11]; II. Делокруг [чл. 12–22]; III. Сојузно јавно правобранителство [чл. 23–39]; IV. Воено правобранителство [чл. 40]; V. Казнени одредби [чл. 41]; и VI. Преодни и завршни одредби [чл. 42–48]. Овој Закон, во текот на неговото важење на територијата на целата федерација, ниту еднаш не е менуван или дополнуван. По неговото носење, оваа проблематика станува републичка материја и, наместо со сојузни, во иднина е регулирана со посебни републички закони – на пониско ниво, односно на територијата на секоја федерална единица одделно.

**б) Републичките закони за Јавното правобранителство**

(4) Првиот македонски закон посветен на правобранителството, кога Социјалистичка Република Македонија сè уште е во рамки на СФРЈ, е Законот за јавното правобранителство (Сл. весник на СРМ - 19/66)230 донесен врз основа на чл. 152, ст.5 од Уставот на СРМ (1963). Овој мошне краток Закон содржи вкупно 16 члена, без поделба на членовите во никакви глави или оддели. Во текот на неговото скоро единаесетгодишно важење тој ниту еднаш не е менуван или дополнуван.

(5) Вториот и последен републички закон во рамки на СФРЈ посветен на правобранителството е Законот за јавното правобранителство (Сл. весник на СРМ - 9/77),231 донесен врз основа на чл. 376, ст.1, ал.6 од тогашниот Устав на СРМ (1974). Законот содржи вкупно 57 члена, структурирани во три глави, нумерирани со римски броеви: I. Заеднички

---

229 Овој сојузен закон е изгласан од страна на Сојузната народна скупштина, на седниците на Сојузниот собор и на Организационо-политичкиот собор, на 2 април 1965, во Белград. Указот за негово прогласување П.Р. бр. 285 е донесен на 4 април 1965 год., а е своерачно потпишан од страна на Претседателот на Републиката – Јосип Броз Тито, и од Претседателот на Сојузната скупштина – Едвард Кардељ. Потоа е објавен во „Службен лист на СФРЈ“ бр. 15, од 5 април 1965 (понеделник), под реден број 299 [стр. 639–643].

230 Овој републички закон е донесен на заедничката седница на Републичкиот собор и на Организационо-политичкиот собор, одржана на 16 јуни 1966 во Скопје. Указот за негово прогласување У. бр. 20/66 (17.VI.1966) своерачно е потпишан од страна на Видое Смилевски – Бато, во својство на тогашен Претседател на Собранието на СРМ. Потоа, законот е објавен во „Службен весник на СРМ“ бр. 66, од 17 јуни 1966, под реден број 83 [стр. 268–270].

231 Овој републички закон е донесен од страна на Собранието на СРМ на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 22 февруари 1977 год. Указот за негово прогласување Бр. 06–580 (22.II.1977), во име на Претседателството на СРМ, е своерачно потпишан од страна на Видое Смилевски – во својство на претседател на Претседателстввото на СРМ, како и од Благоја Талески – во својство на тогашен Претседател на Собранието на СРМ. Потоа, законот е објавен во „Службен весник на СРМ“ бр. 9, од 4 март 1977 (петок), под реден број 54 [стр. 153–157].

одредби [чл. 1–41]; II. Јавно правобранителство на Македонија [чл. 42–52]; и III. Преодни и завршни одредби [чл. 53–57]. Овој Закон, кој се применуваше и во првите шест години по независноста, во текот на неговото дваесетгодишно важење, е менуван или дополнуван вкупно четири пати – во 1981,232 во 1982,233 во 1987234 и во 1990 год.235

**Македонските закони за оваа материја после осамостојувањето**

(6) По прогласувањето на независноста од СФРЈ и по носењето на првиот наш Устав на Република Македонија (1991), во почетните шест транзициски години се применуваше претходно споменатиот Закон за јавното правобранителство (1977) и неговите новели и рогации – кои беа преземени како републички прописи, сè до носењето на Законот за јавното правобранителство (Сл. весник на РМ - 47/97)236 – кој, всушност, е и првиот закон за оваа материја донесен после осамостојувањето на државата. Овој краток закон содржи вкупно 24 члена, структурирани во пет глави, нумерирани со римски броеви: I. Основни одредби [чл. 1–5]; II. Надлежност [чл. 6–14]; III. Организација [чл. 15]; IV. Именување [чл. 16–19]; и V. Преодни и завршни одредби [чл. 20–24]. Законот се применуваше скоро една деценија и, во текот на неговото важење, немаше ниту една измена или дополнување.

---

232 Закон за изменување на Законот за јавното правобранителство (Сл. весник на СРМ - 6/81): донесен на 18 февруари 1981; прогласен со Указ бр. 08–428 (18.II.1981) потпишан од страна на Љупчо Арсов – тогашен претседател на Претседателството на СРМ и Благоја Талески – тогашен претседател на Собранието на СРМ; а објавен во „Сл. весник на СРМ“ бр. 6, од 4 март 1981, под реден број 62 [стр. 158–159].

233 Закон за изменување и дополнување на ЗЈП (Сл. весник на СРМ - 46/82): донесен на 26 ноември 1982; прогласен со Указ бр. 08–2925 (26.XI.1982) потпишан од страна на Ангел Чемерски – тогашен претседател на Претседателството на СРМ и Бошко Станковски – тогашен претседател на Собранието на СРМ; а објавен во „Сл. весник на СРМ“ бр. 46, од 17 декември 1982, под реден број 659 [стр. 831].

234 Закон за изменување на ЗЈП (Сл. весник на СРМ - 11/87): донесен на 19 март 1987; прогласен со Указ бр. 08–942/1 (19.III.1987) потпишан од страна на Драгољуб Ставрев – тогашен претседател на Претседателството на СРМ и д-р Вулнет Старова – тогашен претседател на Собранието на СРМ; а објавен во „Сл. весник на СРМ“ бр. 11, од 26 март 1987, под реден број 195 [стр. 215].

235 Закон за дополнување на ЗЈП (Сл. весник на СРМ - 10/90): донесен на 22 март 1990; прогласен со Указ бр. 08–1110/1 (22.III.1990) потпишан од страна на Јездимир Богдански – тогашен претседател на Претседателството на СРМ и д-р Вулнет Старова – тогашен претседател на Собранието на СРМ; а објавен во „Сл. весник на СРМ“ бр. 10, од 31 март 1990, под реден број 158 [стр. 204–205].

236 Него го донесе Собранието на РМ, врз основа на чл. 75, ст.1-2 од Уставот на РМ (1991), на седницата одржана на ден 10 септември 1997 год. Указот за негово прогласување Бр. 08–2822/1 (10.IX.1997) е своерачно потпишан од страна на Киро Глигоров – тогашен претседател на Републиката и од страна на Тито Петковски – тогашен претседател на Собранието на РМ. Потоа, законот е објавен во „Сл. весник на РМ“ бр. 47, од 19 септември 1997 (петок), под реден број 918 [стр. 1717–1718], а започна да се приманува со одложено дејство, т.е. по Нова година, поточно од 1 јануари 1998 год.

(7) Последниот и актуелен Закон за државното правобранителство (Сл. весник на РМ - 87/07)237 е донесен од страна на Собранието на РМ врз основа на чл. 75, ст.1-2 од Уставот на РМ (1991). Забележливо е тоа што со овој втор закон за оваа материја по независноста, кој сè уште е во сила, за прв пат се промени и официјалниот назив, т.е. името на овој државен орган – од „Јавно“, во „Државно правобранителство“. Тој има вкупно 38 членови структурирани во седум глави, нумерирани со римски броеви: I. Основни одредби [чл. 1–7]; II. Надлежност и организација [чл. 8–17]; III. Државен правобранител и државни правобранители [чл. 18–29]; IV. Државни службеници и други вработени во Државното правобранителство [чл. 30–31]; V. Средства за работа [чл. 32]; VI. Пристап до информации [чл. 33–34]; и VII. Преодни и завршни одредби [чл. 35–38]. Во текот на неговото досегашно над еднодецениско важење, Уставниот суд на РМ има донесено една касаторна Одлука за укинување на една негова противуставна одредба;238 плус овој Закон е дополнет само еднаш, со сосема кратка новела.239

**Еволуција на правниот статус и улогата на Државното правобранителство во правосудниот систем на РМ**

Со самата појава во повоениот југословенски период, Јавното правобранителство (во натамошниот текст ЈП) било орган во состав на Министерството за финансии, а министерот – како инокосен орган, дури ја вршел и надзорната функција над неговото работење.240

Но, само по три години од неговото воспоставување, веќе од 1955 година, ЈП станува самостоен орган, а од 1965 има посебен статус на орган на определена општествено-политичка заедница: федерација, република, околија/град, општина или, пак, армија/војска.241

237 Тој е изгласан на собраниската седница одржана на ден 5 јули 2007 год. Указот за негово прогласување Бр. 07–3126/1 (5.VII.2007) е своерачно потпишан од страна на Бранко Црвенковски – тогашен претседател на Републиката и од страна на Љубиша Георгиевски – тогашен претседател на Собранието на РМ. Потоа, законот е објавен во „Сл. весник на РМ“ бр. 87, од 12 јули 2007 година (четврток), под реден број 1098 [стр. 85–88], а започна да се применува во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила.

238 Одлука на Уставниот суд на РМ – У. Бр. 121/10 (15.XII.2010) донесена по иницијатива на Стамен Филипов од Скопје, со мнозинство гласови во следниов персонален судиски состав: Бранко Наумоски – претседател на Судот и д-р Наташа Габер-Дамјановска, д-р Трендафил Ивановски, Исмаил Дарлишта, Лилјана Ингилизова-Ристова, Вера Маркова, Игор Спировски, д-р Гзиме Старова и д-р Зоран Сулејманов.

239 Закон за дополнување на ЗДП (Сл. весник на РМ – 104/15): донесен на 24 јуни 2015 (среда); прогласен со Указ бр. 08–2661/1 (22.VI.2015) своерачно потпишан од страна на д-р Ѓорге Иванов – претседател на Републиката и Трајко Велјановски – тогашен претседател на Собранието на РМ; а објавен во „Сл. весник на СРМ“ бр. 104, од 24 јуни 2015, под реден број 3224 [стр. 11].

240 Види: чл. 2, ст.2 и чл. 4, ст.2 од ЗЈП на ФНРЈ (1952).

241 Чл. 1, ст.1 и чл. 6 од ЗЈП на СФРЈ (1965); чл. 2-4 од ЗЈП на СРМ (1966); и чл. 1, ст.1 од ЗЈП на СРМ (1977).

По осамостојувањето на Р. Македонија, правната положба на овој дотогаш независен државен орган е деградирана и тој, по носењето на првиот македонски закон за ЈО (1997), се сведува на обична владина служба, а Владата на РМ врши контрола над неговото законско работење.242

Но, оваа непромисленост е исправена по една деценија и веќе со следниот и сè уште важечки Закон за Државното правобранителство (2007) тоа повторно го доби третманот на државен орган кој за својата работа одговара пред Владата на РМ.243

**Правната природа на Државното правобранителство во судската парнична постапка**

Во процедуралната теорија на функционалното процесно право постои спор за правната природа на дејствувањето на ДП како застапник во парницата. Генерално, постојат три теории за неговата позиција во граѓанските судски постапки:

1. Првата теорија вели дека ДП е законски застапник на Република Македонија и на нејзините државни органи. Но, оваа теорија има одредени слабости:

(а) законски застапник, по правило, се определува на парнично неспособни странки, додека пак странката што ја застапува ДП – Република Македонија е правно лице по сила на закон [ex lege] и притоа поседува целосна деловна и процесна, т.е. парнична способност;

(б) законскиот застапник секогаш го определува некој трет [законот или надлежниот орган], а не странката која ја застапува, токму поради нејзината неспособност, додека пак ДП го именува самата држава која тој потоа ја застапува кога таа се јавува во правниот промет во својство на fiscus, а не на imperium; и

(в) законскиот застапник не е правно врзан за упатствата и насоките кои евентуално би ги добил од парнично неспособната странка која тој ја застапува пред судот, додека ДП во принцип е врзан за ставовите и упатставата која ја застапува според закон и тој, во конкретната парница, не може самоиницијативно и своеволно да презема диспозитивни парнични дејствија.244

2. Втората теорија вели дека ДП е посебен вид на полномошник sui generis, или т.н. „државен адвокат“. Но, слабоста на оваа теорија е тоа што основата на застапничката функција на ДП е законот [lex], а не слободната волја [voluntas] на државата која тој ја застапува. Понатаму, токму

242 Чл. 2 и чл. 6, ст.2 од ЗЈП на РМ (1997).

243 Чл. 2 и чл. 8 од ЗЈП на РМ (2007).

244 Арсен Јаневски и Татјана Зороска – Камиловска, Граѓанско процесно право – Книга прва: Парнично право, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје, 2009, 245. Види и кај: Снежана Гушева и Тодор Витларов, Правосуден систем на Република Македонија, Универзитет „Гоце Делчев“, Правен факултет, Штип, 2016, 150–156.

споменатата врзаност на ДП за ставовите на органите кои тој ги застапува зборува за специфичноста на односот меѓу нив, кој има одлики на прокуратор, односно на „генерален полномошник според закон“ (mandatum generale). Правните субјекти кои тој ги застапува, по правило, имаат процесна т.е. парнична способност, но се постулационо неспособни – па, таа способност ја надокнадува, односно за нив ја има токму државниот правобранител.

3. Третата, а се чини и најисправна теорија, е онаа која вели дека ДП е застапник по закон на Републиката и на нејзините државни органи. Во прилог на оваа теза оди и аргументот дека на странката која ја застапувал државниот правобранител ѝ следува надоместок на парничните трошоци, и тоа изрично според Адвокатската тарифа. 245 Притоа, делува чудно и невообичаено тоа што во овие трошоци влегува и износот што на странката би ѝ припаднал на име „адвокатска награда“.246

**Внатрешната организациска структура на Државното правобранителство**

1. Во бивша Југославија, внатрешната организација на ЈП очекувано била посложена, затоа што стануваше збор за федеративна држава. Најпрво, во 1950-те, постоеле: (1) Јавно правобранителство на ФНР Југославија на чело со сојузен јавен правобранител, кој го назначува и разрешува Владата на ФНРЈ и во чиј рамки постоел и посебно формиран Совет на Јавното правобранителство; (2) Јавни правобранителства на народните републики, на чело со републички јавен правобранител кој го назначува и разрешува републичката влада на конкретната федерална единица; (3) Јавно правобранителство на автономните единици на чело со покраински јавен правобранител, кој го именува Главниот, односно Обласниот извршен одбор; и (4) Јавно правобранителство на поголемите околии или градови на чело со околиски/градски јавен правобранител кој го назначува Околискиот, односно Градскиот народен одбор, со согласност на републичкиот Министер за финансии.247

Со новиот, втор сојузен Закон [1955], се воведува следнава внатрешна правобранителска организациска структура: (1) Сојузно ЈП на чело со сојузен јавен правобранител кој го назначува и разрешува сојузниот Извршен совет, а во чии рамки функционира и стучниот „Совет на јавното правобранителство“; 248 (2) Републичко ЈП на чело со републички јавен

245 Види го Пречистениот текст на Тарифата за награди и надоместоци на трошоците за работа на адвокатите (Сл. весник на РМ - 126/2016 и 11/17).

246 Чл. 157 од Законот за парничната постапка (Сл. весник на РМ - 79/2005 и 110/08, 83/09, 116/10, 7/11 ПТ, 124/15).

247 Чл. 2-3 и чл. 19-21 од ЗЈП на ФНРЈ (1952).

248 Советот на ЈП давал правни мислења за стручни прашања од интерес за застапувањето. Во него членувале: сојузниот јавен правобранител и неговиот помошник, кој тој ќе го одреди; воениот правобранител; сите републички јавни правобранители; покраинските јавни

праавобранител назначен од страна на републичкиот Извршен совет; (3) Покраинско ЈП на чело со покраински јавен правобранител назначен од страна на покраинскиот Извршен совет; (4) Обласно ЈП на чело со обласен јавен правобранител назначен од соодветниот извршен совет; (5) Околиско ЈП на чело со околиски јавен правобранител, назначен од страна на Народниот одбор на соодветната околија, на заедничка седница на двата собора; (6) Воено ЈП на чело со засебен воен правобранител кој го назначува и разрешува државниот секретар за работите на народната одбрана, а го штити имотот на Југословенската народна армија [ЈНА].249

Со третиот и последен сојузен Закон [1965] опстојувала следнава правобранителска структура: (1) Сојузното ЈП на чело со сојузен јавен правобранител и негови заменици, сите именувани од страна на Сојузната скупштина, по предлог на Сојузниот извршен совет. Во рамки на сојузното правобранителство работеле и Дисциплински суд, како и посебна Статистичка служба; (2) Военото ЈП на чело со воен правобранител, кој го назначува и разрешува Врховниот командант на вооружените сили; (3) Републичкото ЈП, заедно со останатите пониски јавни правобранителства, а кои се оставени на понатамошна дорегулација со пониски, т.е. републички закони. Републичкиот јавен правобранител го именувал и разрешувал од должност Собранието на СРМ, по предлог на Извршниот совет; 250 (4) Околиското/градско ЈП, какво што било Јавното правобранителство за град Скопје, на чело со градски јавен правобранител именуван од градското собрание; и (5) Општинско ЈП кое можело да функционира на територија на една, две или повеќе општини, на чие чело стоел општински јавен правобранител именуван од страна на општинските собранија.251 Истата оваа структура се задржува и во последниот републички Закон за јавното правобранителство [1977], донесен кога Македонија сè уште беше во состав на СФРЈ.

**2. Во независна Република Македонија внатрешната организација** на ДП е поедноставена, бидејќи станува збор за проста, т.е. унитарна држава. Во првите седум години од независноста, како републички пропис, е преземен последниот Закон за јавното правобранителство на СРМ

---

правобранители; како и правните и финансиските стручњаци што ги определувал Сојузниот извршен совет [сп. чл. 26 од ЗЈП/1955].

